# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

5 март 2007 | Излегува по потреба | Година II | број 1



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1060/1**
**од 05.03.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4 и член 36, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 15, став 1, точка 4, и член 18 од Законот на Градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04), член 3 од Законот за комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр.45/97, 23/99 и 45/02) и член 3, став 3, член 9, став 2 и член 10 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06 и 22/07), Советот на Општина "Гази Баба" на Деветнаесеттата седница, одржана на 28.02.2007 година, донесе

## О Д Л У К А
## За основање на јавно комунално претпријатие на Општина "Гази Баба"

### Член 1

Со оваа Одлука се основа јавно комунално претпријатие за подрачјето на Општина "Гази Баба", се уредува делокругот, дејноста, органи на управување и други работи од доменот на јавното претпријатие.

### Член 2

Називот на Јавното комунално претпријатие гласи: Јавно комунално претпријатие "Гази Баба" - Скопје.

### Член 3

Седиштето на Јавното комунално претпријатие Гази Баба (во понатамошниот текст: Јавно претпријатие) е во Скопје, на Бул."Александар Македонски" Б.Б.

### Член 4

Јавното претпријатие дејностите ќе ги врши на подрачјето на Општина "Гази Баба" вон градското подрачје, односно во руралното подрачје кое го опфаќа атарот на селата: Брњарци, Булачани, Гоце Делчев, с.Идризово, н.к.Идризово, Инџиково, Јурумлери, Раштак, Сингелиќ, Смилковци, Страчинци, Стајковци, Црешево,Трубарево и Виниче.

### Член 5

Јавното претпријатие ќе ги врши следните комунални дејности:

Собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст отпад;
Одржување на јавна чистота во населените места;
Чистење на страничниот дел на улиците во населените места од секаков вид на комунален отпад;
Одржување и користење на паркови и зеленила, парк - шуми, водни и рекреативни површини;
Одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги;
Снабдување со вода за пиење, изведување, одржување и реконструкција на водоводната мрежа;
Изведување, одржување и реконстукција на фекалната и
атмосферската канализациона мрежа;
Чистење на индивидуални септички јами;
Изведување и одржување на јавно осветлување;

Одржување и користење на пазари на големо и мало;
Отстранување и чување на непрописно паркирани возила, ерадикација на животни скитници, украсување на населени места, дезинфекција, дератизација и слично, и
Врши и други дејности согласно со Закон.

**Член 6**

Јавното претпријатие не може да врши промени на дејноста од член 5 на оваа Одлука, промена на статусот, називот и седиштето без предходна согласност на Советот на Општината Гази Баба.

**Член 7**

Основниот влог за работа на Јавното претпријатие во износ од 2.500 ЕУ (две илјади и петстотини евра) во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија, утврден и објавен на денот на поднесувањето на пријавата во Централниот регистар, го обезбедува Општината Гази Баба.
Јавното претпријатие може да вложи средства од правни и физички лица во согласност со Закон.

**Член 8**

Вршењето на дејностите од член 5 на оваа Одлука се обезбедува од средствата остварени преку цената на услугата и од средствата што со Програмата на Советот на Општина Гази Баба и Буџетот на Општината ги обезбедува Општината и други средства утврдени со Закон и акт на Општината.
Средствата за работа на Јавното претпријатие ќе ги користи согласно Статутот и финансискиот план, а врз основа на предходна согласност на Советот на Општината Гази Баба.

**Член 9**

Висината на цената и начинот на плаќање на услугите ја определува Управниот одбор на јавното претпријатие.
Согласност на Одлуката со која се определува цената на услугата дава Советот на Општината Гази Баба.
Ако корисниците на услугите редовно не ја плаќаат комуналната услуга, Јавното претпријатие има право да го прекине давањето на услугата под услови и начин утврден со закон и акт на Општината.

**Член 10**

Надзор и контрола над законитоста на работењето на Јавното претпријатие ќе вршат надлежните органи на Општината.

**Член 11**

Јавното претпријатие е правно лице.
Јавното претпријатие во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.
За обврските сторени во правниот промет Јавното претпријатие одговара со целокупниот свој имот.

**Член 12**

Јавното претпријатие е должно да се придржува кон програмите на Општината Гази Баба со кои се планира развој и финансирање на дејностите од член 5 на оваа Одлука.

**Член 13**

Управувањето со Јавното претпријатие, спроведувањето на одлуките на органите на управувањето и работењето на Јавното претпријатие, се врши во согласност со Законот за јавните претпријатија, други закони, оваа Одлука и Статутот на претпријатието.

**Член 14**

Органи на управување на Јавното претпријатие се: Управен одбор, Надзорен одбор за контрола над материјално - финансиско работење и директор.

**Член 15**

Надлежностите, организацијата и работата на органите на Јавното претпријатие, како и другите работи од значење за делокругот на претпријатието ќе се уредат со Статутот на Јавното претпријатие.

**Член 16**

Управниот одбор на Јавното претпријатие може да биде составен од 5 (пет) до 15 (петнаесет) члена, а точниот број ќе биде утврден со Статутот на претпријатието.

Членовите на Управниот одбор ги именува и разрешува Советот на Општина "Гази Баба".

Од членовите на Управниот одбор се избира претседател.

Мандатот на претседателот и членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години.

**Член 17**

Надзорниот одбор за контрола над материјално - финансиско работење на Јавното претпријатие се состои од 5 (пет) члена кои ги именува односно разрешува Советот на Општината Гази Баба.

Мандатот на претседателот и членовите на Надзорниот одбор за контрола над материјално - финансиско работење трае 4 (четири) години.

**Член 18**

Директорот на Јавното претпријатие го избира Градоначалникот на Општината Гази Баба по пат на јавен конкурс.

**Член 19**

За водење на постапката за регистрација на Јавното претпријатие пред државните органи, до именување на вршител на должноста на претпријатието се определува Насе Ралев - Раководител на Секторот за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината.

**Член 20**

Статутот на Јавното претпријатие ќе се донесе и именувањето и изборот на органите на управување од член 14 на оваа Одлука ќе се изврши во рок од 60 (шеесет) дена од денот на

запишувањето во централниот регистар, а другите акти ќе се донесат во рок од 60 (шеесет) дена од донесувањето на Статутот.

**Член 21**

Актите на Јавното претпријатие подлежат на контрола и согласност на Советот на Општината Гази Баба.

**Член 22**

Вршителот на должноста директор, по предлог на Градоначалникот на Општината Гази Баба, ќе донесе времен акт за организација и систематизација на работните места на Јавното претпријатие, со кој ќе се утврди неопходниот број извршители, со важност до давање согласност од страна на Советот на Општина Гази Баба на соодветниот акт донесен од Управниот одбор на претпријатието.

**Член 23**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07 - 843/2**
**Од 28.02.2007 год.**
**- С к о п ј е -**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од Источна индустриска зона, Урбан блок - Централен дел, дел од МЗ "Маџари 1" - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од Источна индустриска зона, Урбан блок - Централен дел, дел од МЗ "Маџари 1" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1060/2**
**од 05.03.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 24 став 2 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на 28.02.2007 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За донесување на Детален урбанистички план**
**за дел од Источна индустриска зона,**
**- Урбан блок Централен дел, дел од**
**МЗ "Маџари 1" - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за дел од Источна индустриска зона, Урбан блок Централен дел, дел од МЗ "Маџари 1" - Скопје.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа просторот со површина од 20,54 ха со следните граници:
- Од Север: по осовина на улица "Перо Наков" ("Индустриска 2")
- Од Југ: по осовина на улица "Индустриска 3"
- Од Исток: по осовина на улица "Индустриска 7"
- Од Запад: по осовина на улица "Индустриска 5"

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со Т.бр.2148/03 изготви од АД за урбанизам, проектирање и инжинеринг "ЗУМ" - Скопје, содржи:

**А: ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ: Планиран развој**

**ВОВЕД**
**1. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ**
**2. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН**
2.1. Цели и задачи на планот
2.2. Местоположба
2.3. Граница и површина на урбан блок
**3. ПЛАН ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**
3.1.Поделба и нумерација на урбани модули
3.2. Парцелација и регулација
3.3. Намена на земјиште
3.4. Залиноло
3.5. Билансни урбанистички показатели
3.6. Рекапитулар на површини
3.7. Сообраќајна инфраструктура
3.8. Хидротехничка инфраструктура
3.9. Електро - енергетска инфраструктура
ТТ мрежа
3.10. Топлификација

**4. ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**
**Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ**
**1. ИЗВОД ОД ГУП НА ГРАД СКОПЈЕ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1 : 2500**
**2. ИЗВОД ОД ДУП - 1992 ГОДИНА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1 : 1000**
**3. ПАРЦЕЛАЦИЈА, НУМЕРАЦИЈА НА МОДУЛИ И ПАРЦЕЛИ, РЕГУЛАЦИОНИ И ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ, ПОВРШИНА ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ, МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ВЕНЕЦ, НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ И ТРАФОСТАНИЦИ (СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1 : 1000**
**4. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛМАНСКИ ПЛАН . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1 : 1000**
**5. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1 : 1000**

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ: Документациона основа**

**ВОВЕД**

**1. ВАЛОРИЗАЦИЈА НА ПРИРОДНИ И СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ**
1.1. Природни карактеристики
1.2. Создадени вредности
1.3. Хронолошки приказ на плански документи
1.4. Цели и задачи за изработка на ДУП

**2. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
2.1. Местоположба и сообраќајна поврзаност
2.2. Граница и површина на урбан блок
2.3. Теренско истражување
2.4. Реализација и намена на земјиште
2.5. Табеларен приказ на постојна состојба
2.6. Домување
2.7. Трговски објекти
2.8. Неизградено земјиште
2.9. Зеленило
2.10. Рекапитуларни површини
2.11. Сообраќај
2.12. Хидротехничка инфраструктура
2.13. Електро - енергетска мрежа и објекти

**3. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ**
3.1. Заклучоци од аналитички - истражувачкиот дел
3.2. Можности за просторен развој

**Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ - Документациона основа**

**1. ПАРЦЕЛАЦИЈА, НУМЕРАЦИЈА, ГРАДЕЖЕН ФОНД, УЛИЧНА МРЕЖА И НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ . . . . . . . . . . . . . . . . 1 : 1000**
**2. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА (ХИДРОТЕХНИЧКА И ЕЛЕКТРО - ЕНЕРГЕТСКА)**

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05) и Правилник за стандарди и нормативи за уредување на просторот ("Службен весник на РМ бр.2/02 и 50/03).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 30 дена од донесувањето на оваа Одлука ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува, следи и за негова реализација ќе се грижи Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07 - 843/3**
**од 28.02.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од МЗ "Маџари 1", Урбан блок 3/2 локалитет "СГ" - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од МЗ "Маџари 1", Урбан блок 3/2 локалитет "СГ" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1060/3**
**од 05.03.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 24 став 2 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на 28.02.2007 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За донесување на Детален урбанистички план**
**за дел од МЗ "Маџари 1", Урбан блок 3/2**
**локалитет "СГ" - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за дел од МЗ "Маџари 1", Урбан блок 3/2 - локалитет "СГ" - Скопје.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа просторот со површина од 1,76 ха со следните граници:

| | |
|---|---|
| - Од Север: | улица "Благоја Стевковски" |
| - Од Југо - Исток: | новопланирана сообраќајница "Маџари" |
| - Од Југ: | новопланирана сообраќајница "4" |
| - Од Запад: | новопланирана сообраќајница "3" |

**Член 3**

Деталниот урбанистички план со Т.бр.2274/05 изготви од АД за урбанизам, проектирање и инжинеринг "ЗУМ" - Скопје, содржи:

**А: ПЛАНИРАН РАЗВОЈ**

**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

**1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ**
- 1.1. ИЗВОД ОД ДУП - 1987 ГОДИНА
- 1.2. ИЗВОД ОД ГУП - 2002 ГОДИНА
- 1.3. МЕСТОПОЛОЖБА, ГОЛЕМИНА И ГРАНИЦИ

**2. ПЛАН ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ**
- 2.1.ЗОНА ЗА ДОМУВАЊЕ
  - 2.1.1. Семејни куќи со градини
  - 2.1.2. Станбено деловни објекти
- 2.2. ЗЕЛЕНИЛО

**3. УРБАНИ ПАРАМЕТРИ**
**4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
**5. ЗАШТИТА ОД ПОЖАР, ВОЕНИ ДЕЈСТВА И ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ**
**6. СООБРАЌАЈ**
- 6.1. Улична мрежа

6.2. Паркирање
6.3. Јавен градски превоз на патници
6.4. Нивелмански план
**7. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**
7.1. Вовед
7.2. Водовод
7.3. Фекална канализација
7.4. Атмосферска канализација
**8. ЕЛЕКТРО - ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА**
**9. ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ**
9.1. ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
- Урбанизам
- Сообраќај
- Паркирање
- Комунална инфраструктура
- Електро - енергетска инфраструктура и т.т. мрежа
9.2. ПОСЕБНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

**Графички прилози**

**1. ИЗВОД ОД ГУП - 2002 ГОД.**
**2. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ - ПЛАНИРАН РАЗВОЈ 2006 - 2011 . . . . . . . . 1 : 1000**
**3. СООБРАЌАЈНО И НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ**
**- ПЛАНИРАН РАЗВОЈ 2006 - 2011 ГОД . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1 : 1000**
**4. КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ЕЛЕКТРО**
**- ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА**
**ПЛАНИРАН РАЗВОЈ 2006 - 2011 . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1 : 1000**

**Б.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**
**ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

**1. ВОВЕД**
1.1. МЕСТОПОЛОЖБА, ГОЛЕМИНА И ГРАНИЦИ
1.2. ХРОНОЛОГИЈА НА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
1.3. УЛОГА И ФУНКЦИЈА НА ПЛАНОТ
1.4. ПРЕДМЕТ НА АНАЛИЗА НА ОПФАТ, ЦЕЛИ И МЕТОДИ

**2. СОСТОЈБА НА ПРИРОДНИТЕ И СО РАБОТА СОЗДАДЕНИ ВРЕДНОСТИ**
2.1. МЕСТОПОЛОЖБА И СООБРАЌАЈНА ПОВРЗАНОСТ
2.2. ПРИРОДНИ КАРАКТЕРИСТИКИ
2.3. НАМЕНА НА ПРОСТОРОТ, ГРАДЕЖЕН ФОНД ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ И КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ПРОСТОРОТ
2.3.1. Домување
2.3.2. Комерцијални дејности
2.3.3. Неизградено земјиште
2.3.4. Сообраќајници
2.3.5. Табеларен прилог

**3. СООБРАЌАЈ**

**4. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА**

**5. ЕЛЕКТРО - ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА И ПТТ МРЕЖА**

**6. ОЦЕНКА НА МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ**
**АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА СОГЛЕДУВАЊА**

**Графички прилози**

**1.ИЗВОД ОД ГУП - 2002 ГОД.**
**2.СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ - ПОСТОЈАНА СОСТОЈБА . . . . . . . . . . . . . . . . 1 : 1000**
**3. КОМУНАЛНА И ЕЛЕКТРО - ЕНЕРГЕТСКА**
**ИНФРАСТРУКТУРА - ПОСТОЈАНА СОСТОЈБА . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1 : 1000**

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05) и Правилник за стандарди и нормативи за уредување на просторот ("Службен весник на РМ бр.2/02 и 50/03).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 30 дена од донесувањето на оваа Одлука ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува, следи и за негова реализација ќе се грижи Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07 - 843/4**
**од 28.02.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за работа**
**на Советот на Општина Гази Баба**
**за 2007 година**

1. Се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2007 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 28.02.2007 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08 - 1060/4**
**од 05.03.2007 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 138, став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општината Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на 28.02.2007 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина**
**Гази Баба за 2007 година**

**1. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Основ за изработка на Програмата за работа на Советот се работите што со Закон се ставени во надлежност на Советот. Програмата за работа ја донесува Советот за една календарска година, по предлог на Комисијата за програмирање на работата на Советот на Општината Гази Баба Оваа Програма во текот на годината е отворена и може да се менува и дополнува на начин и постапка како што е и донесена.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Комисија за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Одделение за поддршка на Советот и работните тела на Советот

**2. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Програмата ќе се предвиди економскиот развој, вработувањето и едукација на невработените кадри на подрачјето на Општина Гази Баба за 2007 година.
**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**3. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Програмата ќе бидат опфатени развојот на културата и одржувањето и реконструкцијата на културните домови на подрачјето на Општина Гази Баба со кој истите да бидат ставени во функција на граѓаните.
**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**4. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ И РЕКРЕАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Програмата ќе бидат опфатени активностите кои ќе допринесат во развојот на спортот и рекреацијата во образовните установи и пошироко на подрачјето на Општина Гази Баба за 2007 година.
**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**5. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА СОСТОЈБИТЕ, ПРОБЛЕМИТЕ И РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во Програмата ќе бидат опфатени состојбите, проблемите и развојот на земјоделието на подрачјето на Општината Гази Баба за 2007 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем во соработка со Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство "ПЕ Гази Баба.

**6. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО КОМУНАЛНО - ПРЕТПРИЈАТИЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Во Одлуката ќе бидат опфатени делокругот, дејноста и имот на претпријатието, органите на управување, средствата за работа и други работи од доменот на јавното претпријатие.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**7. ПРЕДЛОГ - ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ЗА 2006 ГОДИНА**

**Образложение:** Завршната сметка се донесува согласно Законот за Буџетите. Завршната сметка се изготвува во согласност со класификацијата трошоците и се состои од општ и посебен дел и биланс на приходи и расходи.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**8. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ВО 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе бидат опфатени материјалното и финансиското работење на Општината во 2007 година, односно трошењето на средствата од Буџетот на Општината. Ваква Информација ќе биде разгледувана на секои три месеци во тековната година при што ќе се даваат податоци за остварување на Буџетот на Општината.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**9. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани сите реализирани мерки во остварувањето на Програмата. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** ЈПССДП на РМ - Подрачна единица Скопје и Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**10. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА**

**И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани реализирањето на програмираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на евентуално настанатите проблеми. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**11. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани финансиските показатели во однос на користењето на средствата наменети за одржувањето на уличното осветлување во населбите и населените места на подрачјето на Општината Гази Баба. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секој три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**12. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБАТА И ПРОБЛЕМИТЕ ОКОЛУ ПОДИГАЊЕТО НА СМЕТОТ И ЧИСТЕЊЕТО НА ДЕПОНИИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА, СО ПРЕДЛОЗИ ЗА НИВНО РАЗРЕШУВАЊЕ**

**Образложение:** Во Информацијата ќе бидат искажани состојбата и проблемите околу подигањето на сметот и чистењето на депониите во населбите на подрачјето на Општината Гази Баба и ќе бидат предложени мерки за нивно разрешување. Ваква Информација ќе биде разгледувана на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**13. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2006 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе биде искажано одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на Општина Гази Баба во 2006 година, од страна на Јавното претпријатие "Паркови и зеленило" - Скопје.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје

**14. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ОДДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Предлог - Програмата ќе биде прикажана состојбата на зеленилото, видот и обемот на работите преку кои се овозможува одржувањето на јавните зелени површини во Општината Гази Баба за 2007 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** ЈП "Паркови и зеленило" - Скопје

**15. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА МАГИСТРАЛНИ И СОБИРНИ УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2006 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе бидат искажани изградбата, реконструкцијата и одржувањето на магистралните и собирните улици на подрачјето на Општина Гази Баба во 2006 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Административно - управните органи на Градот Скопје

**16. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОДРЖУВАЊЕТО НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2006 ГОДИНА, ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

**Образложение:** Во Информацијата ќе биде искажано одржувањето на уличното осветлување на подрачјето на Општина Гази Баба во 2006 година, а кое е во надлежност на Градот Скопје.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Административно - управните органи на Градот Скопје

**17. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБИТЕ И ПРОБЛЕМИТЕ НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе биде искажана каква е состојбата и со кои проблеми се судруваат младите луѓе на подрачјето на Општина Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Општина Гази Баба во соработка со младинските невладини оранизации на подрачјето на Општина Гази Баба

**18. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБИТЕ И ПРОБЛЕМИТЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе бидат искажани состојбите и проблемите во врска со кадровската и техничката опременост на Основните училишта и Детските градинки на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Комисија за општествени дејности
**ИЗГОТВУВАЧ:** Комисија за општествени дејности и Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**19. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДОНЕСЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ПРОЕКТИ ВО ПОСТАПКА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе бидат наведени колку и кои урбанистички планови се донесени во тековната година и проекти кои се во постапка за нивно донесување на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**20. УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ - УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Утврдувањето на Деталните урбанистички планови, урбанистичките планови за села и вон населено место ќе се реализираат согласно Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Гази Баба за 2007 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**21. ПРЕДЛОГ - ОДЛУКИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** По спроведената постапка за донесување на урбанистички планови

согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање се донесуваат Одлуки за донесување на урбанистички планови за подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**22. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА 2007/2008 ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Советот на Општината Гази Баба ќе ги разгледува Годишните програми за работа на Основните училишта за 2007/2008 година, на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Училишни одбори на Основните училишта

**23. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ЗА 2007/2008 ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Советот на Општина Гази Баба ќе ги разгледува Годишните програми за работа на Детските градинки за 2007/2008 година на подрачјето на Општината Гази Баба

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Управни одбори на Детските градинки

**24. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани сите реализирани мерки во остварувањето на Програмата во текот на 2007 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** ЈПССДП на РМ - Подрачна единица Скопје и Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**25. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани состојбите и проблемите околу реализирањето на програмираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на проблемите.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**26. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат опфатени финансиските показатели во однос на користењето на средствата наменети за одржувањето на уличното осветлување во населбите и населените места од подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**27. ПРЕДЛОГ - БУЏЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ ЗА 2008 ГОДИНА,**

**СО ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Правниот основ за донесување на Буџетот и Одлуката за неговото извршување како основен акт и услов за финансирање на Општината во тековната година се Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**28. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати обемот и динамиката на работите што се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште на просторот на Општина Гази Баба за 2008 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** ЈПССДП на РМ - Подрачна единица Скопје и Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**29. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во рамките на средствата што се определени за реализација преку Републичкиот фонд за магистрални и регионални патишта ќе се предложи Програма изработена според барањата на граѓаните и нивните потреби. Исто така во Програмата ќе се определат активности за уредување на улиците во населените места и за сервисните и станбени улици на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**30. ПРЕДЛОГ - ПРОГРАМА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Со Програмата се предвидуваат обемот, начинот, динамиката на работите и средствата сврзани со уличното осветлување на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

| | |
|---|---|
| **Број 07 - 843/5** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ,** |
| **Од 28.02.2007 год.** | **НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА** |
| **С к о п ј е** | **Кире Бузлиев, с.р.** |

# СОДРЖИНА


1. ОДЛУКА за основање на јавно комунално претпријатие на Општина "Гази Баба" . . . . 2

2. ОДЛУКА за донесување на Детален урбанистички план за дел од Источна индустриска зона, - Урбан блок Централен дел, дел од МЗ "Маџари 1" - Скопје . . . . . 7

3. ОДЛУКА за донесување на Детален урбанистички план за дел од МЗ "Маџари 1", Урбан блок 3/2 локалитет "СГ" - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 11

4. ПРОГРАМА за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2007 година . . . . . . . . . . 15



**"Службен гласник на Општина Гази Баба"**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Љубомир Велевски
бул. Александар Македонски 6б - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци